# Како да најдеш верни пријатели

**Упатство:** Седни на тивко место и прочитај ги стиховите што се дадени подолу. Додека читаш, замисли си дека си во тоа време и на тоа место. Претстави си ги околината и луѓето. Слушај ги гласовите. Соживеј се со чувствата на главните ликови. Живо претстави си ги настаните.

**Главни ликови:** Јонатан, Давид и Саул

**Кратка содржина:** Откако Давид го убил Голијат, Јонатан му станал најдобар пријател на Давид.

## ❶ *АНАЛИЗИРАЈ ЈА СЦЕНАТА.* (*ПРОЧИТАЈ 1. САМОИЛОВА 17:57 — 18:11; 19:1; 20:1-17, 41, 42.*)

Како си го замислуваш Саул? (Мала помош: Види 1. Самоилова 10:20-23.)

Кога се запознал со Јонатан, Давид веројатно бил многу млад. Како си го замислуваш? (Мала помош: Види 1. Самоилова 16:12, 13.)

Какви чувства се насетуваат во гласовите на Давид и Јонатан при нивната разделба, како што е запишано на крајот на 20. поглавје од 1. Самоилова?

## ❷ *РАЗМИСЛИ ПОДЛАБОКО.*

Во извештајот пишува дека ‚душата на Јонатан се врзала за душата на Давид‘, што значи дека станале најдобри пријатели (1. Самоилова 18:1). Кои особини на Давид толку му се допаднале на Јонатан? (Мала помош: Види 1. Самоилова 17:45, 46.)

Давид бил околу 30 години помлад од Јонатан. Што мислиш, што им помогнало да станат најдобри пријатели и покрај големата разлика во годините?

Што значи да се биде вистински пријател, како што се гледа од овој интересен извештај? (Мала помош: Види Изреки 17:17; 18:24.) ____________________

____________________

____________________

Зошто за Јонатан било поважно да му биде верен на Давид отколку да му биде верен на својот татко? ____________________

____________________

____________________

### ❸ ИЗВЛЕЧИ ПОУКА. ЗАПИШИ СИ ШТО НАУЧИ ЗА...

пријателството: ____________________

____________________

верноста: ____________________

____________________

пријателството со постарите лица: ____________________

____________________

тоа како да стекнеш добри пријатели: ____________________

____________________

____________________

### ❹ ШТО ТИ ОСТАВИ НАЈСИЛЕН ВПЕЧАТОК ОД ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ, И ЗОШТО?

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________



www.jw.org © 2010 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania